РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Су.бр.1173/21
13.12.2021 година
Ш Т И П

Врз основа на чл 20 и чл. 25 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/14, 98/15, 6/16 и 198/18), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас (Службен весник на РМ бр.236/18), чл. 23 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1302/2018 од 21.12.2018 година, Правилникот за изменување на правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип Су.бр.954/20 од 25.11.2020 година и согласноста од Министерство за финансии бр. 18-10212/2 од 03.12.2021 година, Апелациониот суд Штип објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2021**

за вработување на 1(еден) судски службеник на неопределено работно време за следното работно место

Категорија Г, ниво Г2, Шифра СУД0101Г02001:

- Звање: Виш судски референт,

- Работно место: Координатор на техничка служба

1 (еден) извршител

За пополнување на работното место, кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

Стручни квалификации - најмалку више или средно образование, возачка дозвола од Б категорија.

Работно искуство - најмалку 2 години работно искуство во струката

Нето плата: 18.086,00 денари
работни часови: .40
работно време: од 07.30-15.30 часот
работни денови: понеделник – петок

Опис на работните задачи: Ги вози службените автомобили - возила за службени потреби, ја организира и координира техничката служба, го организира и координира возниот парк во судот. Одговорен е за техничката состојба и исправноста на возилата и други задачи опишани во систематизацијата на судот;

Посебни работни компетенции: Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски и германски), и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Покрај посебните услови за вработување на судски службеник предвидени во Законот за судска служба и Правилникот за систематизација на работни места во Апелациониот суд Штип, кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување во судската служба предвидени во чл. 21 ст.1 од Законот за судска служба и тоа:

-да е државјанин на Република Северна Македонија
-активно да го користи Македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена состојба за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите, пријава за вработување на судски службеник и базата на прашања за полагање на писмениот испит можат да ги симнат од веб-страната на Апелационен суд Штип www.sud.mk/wps/portal/asstip.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидат кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневните весници.

Пополнетата пријава во писмена форма и бараните докази, кандидатите се должни да ги доставаат преку архивата на судот или по пошта на адреса Апелациониот суд Штип ул „Генерал Михајло Апостолски“ бр 16 Штип со назнака за Оглас бр.1/2021.

Кон пријавата, кандидатите задолжително ги доставуваат следните докази во оригинал или заверени кај Нотар:

- уверение за државјанство
- уверение / диплома за завршен степен на образование, (последен степен на образование и стекнати дипломи, претходни степени на образование и стекнати дипломи).
- сите свидетелства од средно образование со оценки.
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место
- потврда за работно искуство во струката
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

( диплома, сертификат, уверение ) како доказ за активното познавање на компјутерските програми за канцелариско работење

- фотокопија од возачка дозвола,заверена кај Нотар

- Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски ) ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), а активното познавање на компјутерските програми за канцелариско работење го докажуваат со приложување на доказ ( диплома, сертификат, уверение ).

-Кон пријавата кандидатите можат да ги доставуваат следните докази:

- Извод од историјат на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен, издаден од Агенцијата за вработување.
- Препорака од претходните работни места кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува.

- Потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации.
- Потврда за реализиран волонтерски стаж во институциите на јавен сектор, издадена од волонтерскиот регистар на Министерство за труд и социјална политика односно волонтерска книшка издадена од Министерство за труд и социјална политика, а потишана од раководно лице на институцијата.

Кандидатите кои се уредно пријавени на огласот и кој ја поминале административната селекција ќе се известат за спроведување на испитот кој се состои од стручен дел и дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), а со кандидатите кои ги исполнуваат условите - кои го положиле иситот за судски службеник, ќе се спроведе интервју.

На усменото интервју ќе учествуваат најмногу пет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката за селекција за вработување, а кои биле најдобро рангирани на листата.

Времето и датумот на одржување на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на интернет страницата на Апелационен суд Штип www.sud.mk/wps/portal/asstip.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Претседател на судот,
Корнелија Давчева с.р.